Бр. 12-195/3
09.03.2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ------------ од ---------- на 20.06.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-та седница одржана на 29.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметот со број 12-3200/1 од 20.06.2019 година врз основа на пријава поднесена од подносителот ---------- од --------- на 20.06.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, во која се укажува на бројни сомневања за сторени незаконитости од страна на --------- и --------------, двајца судии од Апелациониот суд ---------------, кои во судските постапки во кои како странка се јавува правното лице "----------" ДООЕЛ --------------чиј сопственик е -------------, близок роднина на судијата ----------- и близок пријател на судијата ----------------, секогаш пресудуваат во негова корист.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3200/1 од 20.06.2019 година, поради неможност да се провери основаност на наводите содржани во пријавата.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3200/1 од 20.06.2019 е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ----------- од ----------.

Во пријавата се укажува на бројни сомневања за сторени незаконитости од страна на ----------- и -----------, двајца судии од Апелациониот суд ---------, кои во судските постапки во кои како странка се јавува правното лице "-------" ДООЕЛ ------ чиј сопственик е ---------, близок роднина на судијата ------------ и близок пријател на судијата ----------, секогаш пресудуваат во негова корист.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави Барање за достава на податоци и информации со број 12-195/1 од 14.01.2020 година до Судскиот совет на Република Северна Македонија од кој побара во рамките на своите законски надлежности да ги провери наводите во пријавата и за исходот од постапувањето да ја извести Државната комисија.

Судскиот совет на Република Северна Македонија во рамките на своите законски надлежности во законски рок достави Известување со број 12-195/2 од 27.01.2020 година со кое ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата дека во конкретниот случај се работи за анонимен подносител во кој се изразува незадоволство од постапувањето на судии на Апелациониот суд во Гостивар, при што се наведуваат одредени паушални наводи за нивно однесување, без истите да бидат поткрепени со


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

одредени докази. Имајќи во предвид дека се работи за анонимен подносител Судски совет на Република Северна Македонија не е во можност да ги провери изнесените наводи во дописот.

Со оглед на фактот дека надлежниот орган кој единствено може да ја потврди или не основаноста на наводите не е во можност да се произнесе во однос на нивната основаност и потврденост, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не е во состојба да се произнесе во однос на наводите содржани во пријавата.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дочиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk